USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

Февруари 03ти, 2010
Канцеларија: +389 (0)2 321 7060
Моб: +389 (0)70 29 34 34
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

### Македонски компании втора година по ред иложуваат на саемот Fruit Logistica во Берлин, Германија од 3-5 Февруари 2010,

Во партнерство со Швајцарската програма за унапредување на увозот ОСЕЦ (Osec / SIPPO) и АгБиз Програма на УСАИД во Македонија, седум македонски компании повторно ќе изложуваат на национален штанд на Fruit Logistica.




**Македонскиот штанд во 2009 на Фрут Логистика, Берлин**

Излагањето на национален штанд ќе им овозможи на компаниите да воспостават нови и да ги зајакнат постоечките бизнис контакти и да ги подобрат можностите за зголемување на извозот на македонските производи. Седумте македонски излагачи оваа година се Туран, Алтра, Виви Пром, Агрохемија, Баџо, Авторија и Антарес.

Ова е втора година за македонските произведувачи на свежо да изложуваат на Fruit Logistica. Успешното учество на седумте македонски компании од минатата година резултираше со повеќе од 529,000 Евра, во непосредна продажба, и претставуваше одлична можност за воспоставување на нови односи меѓу клиентите.

Оваа година македонските излагачи очекуваат дури и повеќе контакти со потенцијални купувачи, шпедитери и дилери, кои ќе резултираат со создавање на нови стратешки партнерства, размена на искуства за производство на свежо, маркетинг и пристап до најновите “know-how” технологии и менаџмент практики што можат да допринесат за подобрување на продуктивноста и зголемување на конкурентноста на нивните компании.

Седумте компании кои учествуваат оваа година се од секторот на свежо овошје и зеленчук на АгБиз кој игра многу значајна улога во македонскиот агробизнис, и истиот има огромен извозен потенцијал. Овој ланец на вредност веќе одигра многу важна улога во извозот на земјоделските производи од Македонија, посебно на регионално ниво. Врз основа на важноста на извозот од свежиот зеленчук за македонската економија, АгБиз повеќе од три години го помага овој сектор за да истиот го зголеми својот уделот на постојните и новите пазари преку додавање на вредноста на земјоделските производи и преку нивно промовирање на важните меѓународни саеми.

До денеска, АгБиз програмата на УСАИД обезбеди подршка на 176 компании од агробизнисот да ја подобрат својата конкурентност и извоз, со што на одржлив начин го зголемуваат нивниот извоз. АгБиз исто така поддржува 20 големи проекти од агробизнисот наменети за деловно проширување, со вкупна вредност од 5.9 милиони американски долари и се очекува истите да резултираат со 28.7 милиони американски долари во зголемување на извозот.